**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Александар Македонски“ бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 03-118/5
27.03. 2023 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 34 став 2 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 215/21 ),а во врска со член 38 став 5, 7 и 8 од Законот за урбанистичко планирање ( „ Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 32/20),Градоначалникот на општина Градско на ден 27.03.2023 година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на претседател на Комисија за урбанизам на Општина Градско**

За претседател на Комисијата за урбанизам на Општина Градско ја именувам Марија Рунтева магистер архитект – проектирање, вработена во општина Велес на работно место: Соработник за спроведување на урбанистички планови во Одделение за урбанизам, ангажирана на дополнително работење од (40) часа месечно врз основа на Претходна согласност од Градоначалникот на општина Велес бр. 08-1532/2 од 16.03.2024 година со Договор за вработување бр. 0402/193-1 од 16.03.2023 година во Одделение за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој, Општина Градско на работно место со звање: Помлад соработник за документирање на податоци за просторно и урбанистичко планирање и уредување на градежно земјиште.

Именуваната се именува на местото на досегашниот претседател Ацо Здравевски, на кој му престана функцијата претседател на оваа комисија со престанок на работниот однос поради кршење на работниот ред и дисциплина.

Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

*О б р а з л о ж е н и е*

Со Решение бр.09-362/1 од 10.09.2020 година формирана е трочлена Комисија во чиј состав се: Ацо Здравевски, Илина Лалкова и Искра Ефремова.

Со оглед на фактот дека на претседателот на Комисијата Ацо Здравевски е престаната функцијата со престанок на работниот однос поради кршење на работниот ред и дисциплина, а со цел комплетирање на составот на комисијата, следуваше да одлучам како во диспозитивот на решението.

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков

Доставено до:
-архива
-именуваната